**УФ– 1/2023**

**Број: 02-12858/5 од 31.03.2023**
**Датум на примена: 15.04.2023**

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (ФОТОВОЛТАИЦИ)

Во овие услови изразите ќе ги имаат следните значења:
"осигурувач" – САВА осигурување а.д. Скопје
"договорувач на осигурување" - лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување;
"осигуреник" – лице, чиј имот е осигурен и на кого му припаѓаат правата од осигурувањето;
"премија" - износ кој се задржува, односно плаќа за осигурување по договор за осигурување;
"сума на осигурување" - износ на кој имотот, односно имотниот интерес е осигурен, ако од содржината на договорот за осигурување не произлегува нешто друго;
"лист на покритие" - потврда која привремено ја заменува полисата;
"полиса" - документ на договорот за осигурување.

I. ДЕЛ: ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ

Член 1 – ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Предмет на осигурување е фотоволтаична, односно сончева електрана. Сончевата електрана е уред, којшто ја претвора сончевата енергија во електрична енергија и може да биде:
- поставена на згради, односно други градежни конструкции, дури и доколку претставува обвивка на зградата, односно елемент на зградата или
- изградена како самостоен објект (односно поставена на земја).

Составен дел од сончевата електрана се соларни модули, инвертер, монтажен материјал, којшто е потребен за прицврстување на сончевата електрана (вклучувајќи дополнителна носечка конструкција и објектот, којшто служи исклучиво за вградување на елементи за функционирање на сончевата електрана и тоа само кај сончева електрана, изградена како самостоен објект), заштитни елементи, заземјување, броило за произведена електрична енергија, уреди за управување и контрола и сите инсталации, потребни за поврзување на самите елементи и за поврзување до мрежата на корисниците на електричната енергија.
2. Се осигуруваат само оние сончеви електрани, за коишто постои изработена проектна документација, освен ако поинаку не е договорено.

Член 2 – ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Осигурувањето го покрива секое исчезнување, ненадејно и неочекувано уништување или оштетување на осигурениот предмет од опасностите наведени во полисата, во обем, којшто е определен со овие услови.

Член 3 – ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ – ОСНОВНИ РИЗИЦИ

(1) ПОЖАР
1. Под пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган појавен надвор од определено огниште или оган кој го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.
2. Не се смета дека настапил пожар и осигурувачот не е во обврска да плати надоместок ако осигурената ствар е уништена и оштетена:
а) поради изложување на оган или топлина заради обработка или за други цели (на пример во индустриска преработка при пеглање, сушење, пржење, печење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка, шпорет и сл.);
б) со осмадување (подгорување), опрлување или прегорување од цигари, пури, справи за осветлување, жар и сл.
в) поради вриење или затоплување, варење, чадење и сл.

(2) ГРОМ
1. Осигурувањето од удар од гром, во смисла на овие Услови, покрива штети што громот ги предизвикал на осигурените предмети со дејство на силата или топлината, како и штети од удар на предмети соборени од громот.
2. Со осигурувањето не се опфатени:
а) штети на осигурените електрични машини, апарати, (вклучувајќи ги и апаратите за готвење, пеглање, греење на кревет, радио апарати, телевизиски приемници, ламби, сијалици и сл.) или на електрични водови заради дејство на електрична енергија од пренапон или загревање поради преоптоварување, атмосферски влијанија како статички оптоварувања, индукција поради атмосферски празнења и слични појави, бидејќи таквите штети се сметаат за погонски. Меѓутоа, се надоместува штета од пожар што би настанал со дејствување на електричната енергија и кој, по престанување на тоа дејство, самостојно би се развивал;
б) штети предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови како последица на удар на гром, како и штети на заштитни осигурувачи од било кој вид, заштитни прекинувачи, одводници за пренапон, громобрани и слични уреди, настанати при вршење на нивната нормална функција.

(3) ЕКСПЛОЗИЈА
1. Под експлозија, во смисла на овие Услови, со исклучок на експлозија од нуклеарна енергија, доколку поинаку не се договори, се смета ненадејно пројавување на сила, заснована на стремежот на пареа или гасови за проширување.
Експлозија на садови под притисок (казани, цевки и сл.) постои само тогаш кога ѕидовите на садот во толкава мерка се искинати што се јавува моментно изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.
2. Со осигурувањето не се опфатени:
а) штети на стварите на осигуреникот предизвикани од минирања што се вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;
б) штети на машини предизвикани од експлозија во просторот за внатрешно согорување (цилиндер на моторот);
в) штети од експлозија што се нормална појава во процесот на производството;
г) штети од експлозивно издувување од печки и слични направи;
д) штети од експлозија од биолошки карактер;
ѓ) штети поради пробивање на звучен ѕид;
е) штети од воден удар, кои во тунели и цевководи под притисок се манифестираат како експлозија;
ж) штети од експлозија на садови под притисок од ставот 3 точка 1 алинеја 2 од овој член поради дотраеност, појава на трошење или прекумерна наслага на рѓа, бигор, талог, тиња на осигурените ствари, но се надоместува штета на други ствари во врска со настанатата експлозија

(4) ЛУЊА
1. Под луња, во смисла на овие Услови, се смета ветер со брзина од 17,2 метри во секунда, односно 62 км. на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе.

Ќе се смета дека дувал ветер со оваа брзина во местото каде што се наоѓаат осигурените предмети, ако ветерот кршел гранки и
стебла или оштетил редовно одржуван градежен објект. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот со извештај на хидрометеоролошката служба.
2. Штети од луња се опфатени со осигурувањето ако се предизвикани механички оштетувања на осигурените предмети:
а) со непосредно дејство од луњата;
б) со директен удар од соборените или од носените предмети од луњата;
в) нанесување на снег со ветер.
3. Со осигурувањето од луња не се опфатени штети:
а) од навлегување на дожд, град или снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат на зградата, освен ако отворите настанале од луњата;
б) штети од дожд и други врнежи на ствари сместени во слободен простор (во пластови, камари и сл.), во ритчиња, под настрешници и други отворени згради;
в) од тежина на снег која е поголема од пропишаната во проектната документација, согласно член 4, став 1, точка 3
г) на градежен објект што не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место, или кој слабо е одржуван или е дотраен;
д) на фолии од вештачки материјал на топли леи, а кои служат за покривање на растенија непосредно или во вид на тунел, доколку поинаку не е договороено, освен најлони чиј век на траење по гаранција на производителот е помал од една година, кој што не се составен дел на сончевата електрана и не се користат за производство на ел.енергија.

(5) ГРАД
1. Осигурувањето покрива штета, којашто ќе настане кога град со удар ќе го оштети осигурениот предмет така што ќе го скрши, пробие, ќе го открши или кога предметот поради ударот ќе пукне. Покриена е и штетата на предметот на осигурувањето, којашто ќе настане поради навлегување на врнежите низ отворите, коишто ги направил градот.
2. Со осигурувањето не се покриени штети на недоволни одржувани и дотраени соларни електрани.

(6) УДАР НА СОПСТВЕНО МОТОРНО ВОЗИЛО И СОПСТВЕНА РАБОТНА МАШИНА
1. Со осигурувањето се опфатени штети што настанале од удар на сопствено моторно возило или со сопствена подвижна работна
машина на осигурениот предмет.

(7) УДАР ОД НЕПОЗНАТО МОТОРНО ВОЗИЛО
Со осигурувањето се опфатени штети на осигурениот предмет кои ќе настанат со удар на непознато моторно возило.

(8) ПАЃАЊЕ НА ВОЗДУШНО ЛЕТАЛО
1. Осигурувањето покрива штета, којашто ќе настане кога леталото од кој било вид (моторно или едрилица, хеликоптер, ракета, балон и сл.) ќе падне врз осигурениот предмет или ќе удри во него.
2. Се смета дека настанал осигурен случај ако осигурениот предмет го уништило или оштетило летало, негови делови или предмети од него.

(9) МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА
1. Под манифестација и демонстрација, во смисла на овие Услови, се смета организирано јавно покажување на расположение на група граѓани; Покриени се само штети како резултат на манифестација или демонстрација пријавени кај надлежните државни органи.
2. Се смета дека настанал осигуран случај кога манифестантите, односно демонстрантите на било каков начин ги уништиле или оштетиле осигурените предмети (кршење, уривање, демолирање, палење и сл)
3. Група граѓани во смисла на овој член не се сметаат редовно, привремено, на замена и сезонско вработени лица кај осигуреникот.

(10) ВАНДАЛИЗАМ
1. Осигурувањето покрива оштетување или уништување на предмети, наведени во полисата за осигурување, поради вандализам на непознат сторител.
2. Осигурувањето не покрива:
- оштетувања, кои што од каква било причина ќе ги предизвикаат корисниците на тие предмети;
- оштетувања поради сите видови изгореници, гребаници и исеченици врз осигурениот предмет;
- штета на предмети, кои што се оштетени, уништени или изнесени при провална кражба или противправно одземање, односно обиди за такви дејствија.

Член 4 – ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ – ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ

Осигурени се пожарните опасности, наведени во полисата, за кои што е пресметана и платена дополнителна премија.

(1) ТЕЖИНА НА СНЕГ
1. Штетата се покрива само ако настанала за помалку од 24 часа откако престанало да врне снег. Осигурувањето не ги покрива трошоците за отстранување на снегот.
2. Не се покриени штети врз дотраена и лошо одржувана сончева електрана.
3. Ризикот тежина на снег може да биде покриен по овие Услови само доколку во пресметките за статика на фотоволтаичната централа се земени во предвид и тестовите за оптоварување од снег.

(2) ПОПЛАВА, ПОРОЈ И ВИСОКА ВОДА
1. Под поплава , во смисла на овие Услови, се смета стихиско неочекувано плавење на терен од постојани води (реки, езера, мориња и др.) заради тоа што водата се излила од коритото или го провалила одбрамбениот насип или браната, излевање на вода поради вонредна висока плима и на брановите на море и езера со необична јачина, и од надоаѓање на вода од вештачки езера.
Поплава се смета и неочекувано плавење на терен поради нагло образување на големо количество водна маса која настанала како
последица на провала на облак (пороен дожд).
Под порој се смета стихиско неочекувано плавење на терен со водна маса што се образува на низбрдни терени поради силни атмосферски врнежи и се слива низ улици и патишта.
Со осигурувањето од поплава се опфатени само штети предизвикани на осигурени ствари за време додека поплавата трае и непосредно по повлекување на водата.
2. Со осигурувањето не се опфатени:
а) штети на цевководи, канали и тунели од внатрешната страна предизвикани од механичкото дејство на водата;
б) штета од габички поради влага;
в) штети од слегнување на теренот како последица на поплава и порои;
г) штети од подземна вода во ускопи, нископи, подземни ходници и јами во рудниците;
д) штети од плавење од вода излеана од канализациона мрежа, освен ако до излевањето дошло поради поплава или порој;
ѓ) штети на ствари сместени во живи и суви корита на потоци и реки, како и на простор помеѓу потоци односно реки и насипи (инудационо подрачје), доколку поинаку не се договори.
е) штети на хигроскопни залихи кои не се ускладиштени на палети високи најмалку 10 см или пропишан начин.
2) Со осигурувањето не се опфатени штети на хидроградежни
објекти поради подјадување на надворешните страни, а на канали, тунели и цевководи штетите од притисокот предизвикан од поплава во смисла на претходниот став, доколку поинаку не се договори.
3) Со осигурувањето се опфатени штети од висока вода на хидроградежни објекти.

Под висока вода, во смисла на овие Услови се смета:
а) исклучива појава на невообичаен пораст на водостојот;
б) подземна вода како последица од висока вода.
Обврската на осигурувачот за штети од висока вода и подземна вода како нејзина последица почнува со порастот на високата вода над однапред утврдените месечни коти на водостојот или протекот измерен спрема најблискиот поставен покажувач на водостојот.
За секој поединечен месец нормален е највисокиот водостој во последните 20 години кој го покажува индикаторот на водостојот најблиску до предметот на осигурување, со исклучок на екстремно високите водостои.

(3) ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА ОД ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ИНСТАЛАЦИЈА
1. Излевање на вода, во смисла на овие Услови, се смета:
а) неочекувано излевање на вода од водоводни и одводни (канализациони) инсталации, како и од уреди за греење со топла вода и парно греење и други уреди и апарати што се приклучени на водоводната мрежа, поради оштетување (кршење, прскање или откажување на уредите за управување и сигурност) на тие уреди и апарати.
Под инсталација на соодветниот објект се смета се до приклучокот на надворешната мрежа (пример: шахта, хидрофор, подстаница за топла вода).
б) неочекувано избивање на пареа од уредите за топла вода или за парно греење.
2. Осигуреникот е должен да се грижи за одржување на водоводната и одводната канализациона мрежа, на уредите за греење со топла вода и за парното греење, како и за нивната заштита од мраз.
3. Со осигурувањето не се опфатени штети:
а) од излевање на вода од отворени славини, како и од водоводни (канализациони цевки), ако штетата настанала поради затнување на цевките;
б) од кршење или прскање заради смрзнување настанати на самите водоводни и одводни уреди, апарати и котли;
в) поради дотраеност, истрошеност и корозија во просториите на осигуреникот кои се достапни на контролата на осигуреникот;
г) од габички поради влага;
д) загуба на вода
ѓ) штети на хигроскопни залихи кои не се ускладиштени на палети високи најмалку 10 см или на пропишан начин;
е) настанати како последица на повреда на должноста на осигуреникот од точка 2 од овој став;
ж) од излевање вода од надворешна инсталација (улична и сл.);
з) од слегнување на земјиште како последица на излевање на вода од водоводни и канализациони цевки;
ѕ) поради смрзнување на инсталациите и уредите кои се под контрола на осигуреникот.

(4) ВОДА ОД ВРНЕЖИ, ПОЛЕДИЦА И МРАЗ
1. Осигурувањето покрива штета, којашто ќе ја предизвика прелевање на вода од врнежи од олуци и одводни цевки врз осигурени предмети, поради исклучително силни краткотрајни врнежи и ненадејно затнување на одводни цевки.
2. Осигурувањето од поледица покрива штета на осигурени предмети, којашто ќе настане како последица од замрзнување на цевки и олуци за одведување на вода од врнежи.
3. Мраз е смрзната облога, којашто ќе настане како последица од врнежи од дожд или топење на снег со ненадејно замрзнување и со својата тежина ќе го оштети осигурениот предмет.

(5) СВЛЕЧИШТЕ
1. Осигурувањето покрива штета поради лизгање на површина на земја на накосено земјиште со јасно видливи пукнатини на земјата, кое што за кусо време ќе предизвика статички опасни деформации или широки пукнатини на објекти.
2. Осигурувањето не покрива штета:
а) ако земјиштето, каде што се наоѓа објектот, при склучувањето на осигурувањето во геолошка смисла веќе почнало да се лизга
б) заради свлечишта, коишто ќе настанат во врска со активност на човекот (на пр. заради засечување, откопување и сл.)
в) поради лизгање на земјиште или слегнување
г) поради бавно геолошко лизгање на земјиште, коешто се манифестира преку помали пукнатини на објектите
д) поради жив песок, пукање на карпи и уривање во потпкопи, наткопи, подземни ходници и јами на рудници.
3. Осигурувањето не покрива трошоци за санирање на земјиштето.

Член 5 – ОСИГУРУВАЊЕ НА ОПАСНОСТИ ОД КРШЕЊЕ НА МАШИНИ

1. Осигурувањето, во обемот, којшто е определен со овие услови, покрива секое ненадејно и неочекувано уништување или оштетување на осигурениот предмет, освен поради:
а. пожар, гром, експлозија, луња, град, паѓање на воздушно летало, манифестација и демонстрација, удар на сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина и удар на непознато моторно возило, земјотрес, поплава, провала на облак, висока или подземна вода, излевање на вода од водоводни и одводни цевки, свлечиште, откинување на земјиште, лизгање, снежна лавина, излевање на вжештена маса, истекување на течности (лекажа) и уривање на земјиште во јами во рудници; осигурувањето од кршење на машини не покрива ниту оштетување или уништување на осигурени предмети поради гаснење и уривање, како и исчезнување, провална кражба и противправно одземање;
б. недостатоци или грешки, коишто постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето и му биле или требало да му бидат познати на осигуреникот или на лицето, одговорно за работењето;
в. директни последици од трајно влијание на хемиски, топлински или механички услови за инсталирање и функционирање (корозија, оксидација, зрачење, стареење, замор на материјалот, прекумерни вибрации и сл.);
г. абење, абразија, ерозија или кавитација;
д. прекумерна влага, рѓа, бигор, талог, мил и сл., и тоа и во случај ако поради тоа осигурениот предмет е оштетен или уништен;
ѓ. преоптоварување или преголем напон на сончевата електрана и нејзините составни делови над границата на нивниот пропишан капацитет ако тоа е последица од свесно постапување на осигуреникот;
е. недоволно инвестициско одржување;
ж. ставање во погон пред конечната поправка;
з. монтажа и пробно ставање во погон или пробно работење;
ѕ.прекршување на законските и техничките прописи и правила на техничкото искористување на осигурениот предмет, на заштитните мерки и упатството за употреба на производителите на осигурениот предмет;
и. намерно оштетување на предметот (вандализам)).
2. Осигурувањето исто така не покрива:
а. индиректна штета, којашто ќе настане при осигурен случај (загуба на заработка, прекин во работењето, казна и сл.);
б. штета, којашто ќе настане во гарантниот рок и којашто е должен да ја надомести производителот или продавачот, ако нивната гаранција не е спорна;
в. штета доколку не е поставена заштита од висок напон и ако не е изведена заштита од гром;
г. за штети, кои што се однесуваат, произлегуваат, се темелат врз или се припишуваат на каква било програмска опрема, која што делумно или во целост ќе откаже, ќе се оштети или ќе предизвика штета (вклучувајќи „заразување“ на програмска опрема и податоци); тоа се однесува и на производи, обликување на системи, нивна продажба, промени, сервисирање, одржување или советување од страна на осигуреникот или во негово име;
д. штети поради нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација;
3.Зависно од исплатените штети по основ на осигурување на опасности од кршење на машини во изминатите години по три години на премијата за

осигурување од кршење на машини може да се пресмета соодветна доплаток (малус) зависно од штетниот резултат на осигуреникот.

Член 6 – ОСИГУРУВАЊЕ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

(1) ПРОВАЛНА КРАЖБА

1. Осигурувањето во обемот определен со овие услови, ја покрива штетата којашто настанала бидејќи осигурените предмети биле однесени, уништени или оштетени при провална кражба или противправно одземање, односно обид за извршување на такви дејствија.

2. Провална кражба во смисла на овие Услови се смета кражба ако нејзиниот извршител

- провали во заклучени простории (скрши или обие врата, прозорец, ѕид, таван или под);
- отвори заклучени простории со средство, коешто не е наменето за редовно отклучување;
- упадне во заклучена просторија низ отвор, којшто не е наменет за влегување и притоа мора да совлада препреки, коишто оневозможуваат влегување без напор;
- отуѓи панел, кој што е прицврстен на конструкцијата која што е соодветна за негово поставување и е поврзан во системот на фотоволтаичната електрана;
- отклучи просторија во којашто се наоѓаат осигурени предмети, со оригинален клуч или негов дупликат, добиени на начин опишан во овој став или со кражба, односно противправно одземање.

(2) РАЗБОЈНИШТВО

1. Разбојништво е одземање на осигурени предмети со цел противправно присвојување, така што против осигуреникот или некој друг, којшто се наоѓа на местото на осигурувањето со знаење на осигуреникот, ќе биде применета сила или ќе му бидат упатени закани со директен напад на животот и телото.

2. Разбојништво е дејствие при коешто сторителот е фатен во кражбата, и со цел да го задржи украдениот предмет, против осигуреникот или друго лице, коешто се наоѓа на местото на осигурувањето со знаење на осигуреникот, ќе примени сила или ќе му се закани со директен напад на животот или телото.

3. Се смета дека е употребена сила и во случај кога се употребени средства за оневозможување на отпорот.

Член 7 – ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ ЗА РИЗИЦИТЕ ВО ДЕЛ I -ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ

1) Осигурувањето во никој случај не покрива штета поради:

1. недостатоци или грешки, коишто постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето и биле или би требало да му бидат познати на осигуреникот;
2. користење на несоодветен материјал, пред сѐ штети на водови, поради користење на несоодветни кабли, што може да се утврди од проектната документација;
3. губење на ефикасноста на работењето на сончевите панели и електронската опрема;
4. директна последица на трајно влијание и дејство на хемиски, топлински или механички услови на инсталацијата (корозија, оксидација, влага, стареење, прекумерна вибрација, замор на материјалот, абење и сл.);
5. користење на непроверени материјали, конструкции и нацрти (прототипи);
6. недоволно инвестициско одржување;
7. ставање во погон пред конечната поправка;
8. монтажа, пробно ставање во погон или пробно работење;
9. прекршување на законските и техничките прописи и правила на техничкото користење на осигурените предмети и заштитните мерки;
10. земјотрес;
11. штета, која што настанала во директна или индиректна врска со терористички акт, ниту какви било трошоци, настанати како последица од тој чин. За терористички акт се смета насилно дејствие или чин, којшто го загрозува човековиот живот, подвижен и недвижен имот или инфраструктура, и тоа со сила, насилство или закана, без оглед на тоа дали тоа дејствие е извршено самостојно или поврзано со каква било организација или власт, и ако е извршено заради политички, верски, идеолошки или слични цели и неговата цел е влијание врз која било влада или застрашување на јавноста, односно кој било нејзин дел.
12. индиректна штета, којашто ќе настане при осигуран случај (губење на заработка, прекин во работата, казна и сл.) доколку не е дополнително договорено и не е пресметана дополнителна премија.
13. штета, којашто ќе настане во гарантниот рок и неа мора да ја надомести производителот и продавачот ако нивната гаранција не е спорна;
14. трошоци за демонтажа и повторна монтажа, коишто настанале поради редовна контрола или одржување на осигурениот предмет (периодични поправки или замени на изабени делови), и тоа и тогаш кога притоа ќе се утврди оштетување поради осигурена опасност. Осигурувањето во тој случај ги покрива само трошоците за поправка или замена на уништени или оштетени делови, коишто не биле предвидени за периодична поправка, односно замена.
15. исчезнување поради обична кражба;
16. трошоци за одржување;
17. војна или дејствие слично на војна, граѓанска војна и слични немири;
18. конфискација, одземање, национализација;
19. нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација;
20. измама, затајување, лукавство, проневера или друг лажен изговор;
21. кусок, утврден при инвентури, и во случај ако кусокот биде утврден при инвентура, извршена откако ќе настапи осигурениот случај;
22. несоодветно или недоволно одржување на сончевата електрана;
23. долготрајно дејство врз сончевата електрана (како на пример абење, рѓа, корозија, скапување, гниење, сенка, дамки, измет, мувла и габа, постепено расипување, латентни дефекти, вродена грешка, деформација којашто се развива полека, инсекти, ларви, различни видови на инсекти и микроби и сл.);
24. намерно дејствување на осигуреникот или негови застапници.
25. еколошка штета
26. одговорност по основ на поседување и користење на сончевата електрана, освен ако не е поинаку договорено и платена дополнителна премија
27. прекин на работа, кој што е последица од оштетување на предметот на осигурувањето поради една од осигурените опасности, освен ако не е поинаку договорено и платена дополнителна премија

Член 8 – ВАЖНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Осигурени се само предметите наведени во полисата.
2. осигурувањето важи додека осигурените предмети се наоѓаат на местото наведено во полисата, ако не е договорено поинаку. Осигурувањето е ограничено на подрачјето на Р. С. Македонија.
3. Осигурувањето не важи за времето додека осигурениот предмет е на саем или на изложба или транспорт надвор од подрачјето на местото на осигурувањето.

Член 9 – ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ПРЕДМЕТ

1. Вредноста на осигурениот предмет е набавната цена на нов предмет, зголемена за трошоците за транспорт и монтажа, ако не е договорено поинаку.
2. На нова вредност може да се осигура само добро одржувана сончева електрана, чијашто вистинска вредност е еднаква најмалку на 60% од новата вредност, односно не е постара од 10 години. Сончевата електрана чија што вистинска вредност е пониска од 60% од новата

вредност или чијашто старост надминува 10 години се осигурува на сегашна вредност.
3. Сегашната вредност на сончевата електрана е новонабавната вредност, намалена за износот на изгубената вредност поради абење, старост и економска застареност.

Член 10 – СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Сумата на осигурување е горната граница на обврската на осигурувачот. Ако во договорот за осигурување не е договорено поинаку, осигурувачот е во обврска само до висината на договорената сума на осигурување.

Член 11 – ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

При осигурувањето на предметот се смета дека осигурен случај настанал во моментот кога поради остварување на една од осигурените опасности дошло до оштетувања врз осигурениот предмет.

Член 12 – ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ВО ВРСКА СО ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

1) По настанувањето на осигурениот случај осигуреникот мора:
1. веднаш да стори сè што може за да спречи понатамошно настанување на штета, земајќи ги притоа предвид упатствата на осигурувачот;
2. најдоцна во рок од 3 дена од денот кога дознал за осигурениот случај за тоа да го извести осигурувачот.
3. и не смее да ја менува состојбата на оштетените, односно уништените предмети, додека не изврши увид претставник на осигурувачот, освен ако промената е потребна во јавен интерес, односно за да биде помала штетата.
2) Осигуреникот мора да му ги даде на осигурувачот сите потребни податоци, коишто му се достапни и коишто се неопходни за утврдување на причината, обемот и износот на штетата. Осигурувачот може да побара и други докази, а пред сè доказ дека осигуреникот во случај кога бил должен за настанувањето на осигурениот случај да ја извести најблиската полициска станица го сторил тоа. Ако осигуреникот не ги достави бараните податоци и докази се смета дека не го докажал настанувањето на осигурениот случај, односно висината на штетата.
3) Ако осигуреникот по своја вина не го пријави кај осигурувачот настанувањето на осигурениот случај во времето и на начинот, определен со овој договор, тој мора на осигурувачот да му ја надомести евентуалната штета, којашто ја има поради тоа.
4) Осигуреникот за сите случаи, определени со соодветните прописи, а пред сè за осигурен случај, кој што настанал поради пожар, експлозија или удар на непознато моторно возило и подвижна работна машина, како и провална кражба и разбојништво, е должен веднаш да ја извести полициската станица и да наведе кои предмети биле уништени или оштетени, односно исчезнале при осигурениот случај.

Член 13 – НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

1) Ако не е поинаку договорено, штетата која што ја покрива осигурувањето, се надоместува во случај на:
1. уништување или исчезнување на сончевата електрана и нејзините составни делови:
а) за сончеви електрани, коишто на денот на настанување на осигурениот случај се стари заклучно до 10 години и нивната вистинска вредност надминува 60% од новонабавната вредност, во висина на новонабавната вредност на предметот на осигурување на денот на настанување на осигурениот случај намалена за вредноста на остатоците
б) за сончеви електрани, кои што на денот на настанување на осигурениот случај се стари повеќе од 10 години или нивната вистинска вредност не надминува 60% од новонабавната вредност, во висина на новонабавната вредност на предметот на осигурување намалена за изгубената вредност поради абење, старост, економска и техничка застареност (амортизација) и за вредноста на остатоците;
2. оштетувања на сончевата електрана или нејзини составни делови – според трошоците за поправка и за материјал, колку што тие би изнесувале при завршување на ликвидацијата на осигурениот случај, намалени за вредноста на остатоците.
Во штетата не се сметаат трошоците, настанати при поправка заради подобрување, усовршување или други промени врз осигурената сончева електрана.
2) Се смета дека сончевата електрана е уништена и поради тоа штетата се пресметува според точка 1) од претходниот став, ако трошоците на поправката ја достигнат или ја надминат вредноста на сончевата електрана, намалена за вредноста на остатоците.
3) Ако осигуреникот самиот ја поправи оштетената сончева електрана и ако трошокот за поправката е повисок од трошокот, кој што би го наплатил овластен сервисер, осигурувачот при пресметката на осигурувањето ги признава трошоците за поправка на овластениот сервисер. При таа пресметка трошоците потребни за транспорт истотака се земаат во предвид во трошоци за поправка на друг поправач се земаат предвид и неопходните транспортни трошоци.
4) Кога ќе настане осигуран случај осигуреникот ги за.држува остатоците од предметот на осигурување. Вредноста на остатоците од оштетените предмети на сончевата електрана и/или на нејзините делови се пресметува по пазарната вредност на местото на штетата према состојбата на денот на настанувањето на осигурениот случај.
5) Друштвото не е должно да ја надомести целата вредност на сончевата електрана ако оштетениот дел не може да се поправи (на пример, бидејќи е произведен во странство или бидејќи веќе не се произведува). Осигурувачот во тој случај ја надоместува само вредноста на оштетениот дел пропорционално со функционалното учество на тој дел во однос на целата електрана;
(6) Ако во врска со штета по основ на исчезнување, осигуреникот на кој било начин дознае каде се наоѓа сончевата електрана, односно нејзини составни делови, тој мора веднаш во соработка со Министерството за внатрешни работи (полицијата) да преземе сè што е потребно за да утврди дали станува збор за таа сончева електрана, односно нејзини составни делови и да ги врати колку што е можно побрзо, и за тоа веднаш да го извести осигурувачот.
Ако осигуреникот сè уште не ја добил исплатата на штета за најдената сончева електрана, односно нејзините делови, тој мора нив да ги превземе. Ако сончевата електрана, односно нејзините составни делови се оштетени, штетата се пресметува според одредбите од овој член.
Ако осигуреникот веќе ја добил исплатата на штета, пред да дознае каде се наоѓа украдената сончева електрана, односно нејзините делови, тој може нив, ако се најдени, да ги побара за себе, а притоа мора на осигурувачот да му ја врати исплатата за сончевата електрана, односно нејзините составни делови, коишто биле најдени неоштетени. Ако пак најдената сончева електрана, односно нејзините составни делови се оштетени, осигуреникот може да ги побара за себе според спогодбено определена вредност и мора на осигурувачот да му врати соодветен дел од исплатата.

Член 14 – ТРОШОЦИ ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

1) Осигурувачот во рамките на сумата на осигурување ги покрива и трошоците за чистење, кое што е потребно поради оштетувањето или уништувањето на осигурената сончева електрана, но најмногу 3% од вредноста на оштетениот предмет. Во тие трошоци спаѓаат и неопходните трошоци за чистење на местото на штетата, за уривање на оштетените и неупотребливите составни делови на сончевата електрана, како и трошоци за транспорт на изгорените предмети, урнатините и наносите до најблиското место дозволено за одложување.
2) Осигурувањето во рамките на сумата на осигурување наведена во полисата ги покрива и сите трошоци за демонтажа и повторна монтажа на сончевата електрана и нејзините соодветни делови, која што е поставена на објект и којашто требало да биде демонтирана поради оштетување или уништување на сончевата електрана и нејзините составни делови.

(3) Доколку посебно се договори и се плати дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и трошоците за демонтажа и повторна монтажа во случај кога сончевата електрана и нејзините соодветни делови не се оштетени, само тогаш кога дошло до оштетување на објектот на којшто е поставена, поради:

- пожар
- експлозија
- гром
- паѓање на воздушно летало.

(4) Осигурувањето не покрива трошоци за отстранување или намалување на опасноста и не покрива ниту трошоци за интервенции на пожарникарски и други организации, кои што според целта на своето работење или дејствување мора да даваат помош во случај на настанување на осигурен случај.

Член 15 – НАДОСИГУРУВАЊЕ И ПОДОСИГУРУВАЊЕ

1) Ако при склучување на договорот една страна се послужи со измама и така договорила сума на осигурувањето поголема од вистинската вредност на осигурениот предмет, другата страна може да бара поништување на договорот.
2) Ако договорената сума на осигурување е поголема од вредноста на осигурениот предмет, а притоа ни една страна не постапила несовесно, договорот останува во сила, сумата на осигурување се намалува до износот на вистинската вредност на осигурениот предмет, а премиите се намалуваат сразмерно.
3) Во двата случаи осигурувачот ги задржува примените премии и има право на ненамалена премија за тековниот период.
4) Кога ќе се утврди дека во почетокот на односниот период на осигурувањето вредноста на осигурениот предмет била поголема од сумата на осигурувањето, износот на надоместот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно, освен ако поинаку не е договорено.
5) Осигурувачот е должен да даде целосен надомест сé до износот на сумата на осигурувањето, ако е договорено дека односот меѓу вредноста на предметите и сумата на осигурувањето нема значење за определување на износот на надоместот.

II. ДЕЛ – ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ КОН ТРЕТИ ЛИЦА

Член 16 – ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

1) Осигурувањето ги покрива штетите што, врз основ на граѓанско правните оштетни побарувања, трети лица ги поднесуваат спрема осигуреникот поради ненадеен и непредвиден настан на штета (несреќа) што произлегува од изворот на опасност кој е опфатен во полисата на осигурување и има за последица:
1. повреда на лица;
2. оштетување на предмети.
2) Ако е посебно договорено и е пресметана дополнителна премија, во рамките на подлимитот на покритие наведен на полисата, вклучено е и покритие од поединечни дополнителни опасности според клаузулата за: одговорност на работодавецот - за оштетни побарувања поради телесни повреди, болест или смрт на вработените или поради оштетување или уништување на имотот на вработените. Како вработени се сметаат лица кои се во работен однос со осигуреникот врз основа на договор или вработување, едукативен договор или студентска препорака (сопствени вработени, стажанти/чираци, практиканти) како и други лица кои работат за осигуреникот на препорака од нивниот работодавец (позајмена работна сила);

Член 17 – СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

1) Сумата на осигурување претставува горна граница на обврските на осигурувачот за одделен осигурен случај, без оглед на бројот на оштетените.
2) Сумата на осигурување е договорена во полисата.
3) Ако не е поинаку договорено, осигурувачот има обврска за исплата на штета во една осигурителна година најмногу до висината на договорена сума на осигурување. Осигурувањето престанува кога тој износ ќе се исцрпи и продолжува само ако тоа е посебно договорено и ако е платена дополнителна премија.

Член 18 – ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

1) Кај осигурувањето од одговорност се смета дека настанал осигурен случај во моментот на настанување на штетниот настан што е опфатен со склучениот договор за осигурување и поради кој против осигуреникот можат да се поднесат оштетни побарувања.
2) За еден осигурен случај се смета:
1. ако за еден штетен настан има повеќе оштетни побарувања;
2. ако повеќе штетни настани се појавуваат од иста причина;
3. ако повеќе штетни настани се појавуваат поради иста причина меѓу кои има правна, техничка или економска врска.

Член 19 – ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот дека се појавил осигурен случај во рок од 3 (три) дена од денот кога тој за него дознал и да му ги достави сите оригинални документи што содржат оштетни побарувања.
2) Доколку документите се изгубат или исчезнат, осигуреникот е должен да пријави во најблиската полициска станица.
3) Ако против осигуреникот или против лицето за кои осигуреникот е одговорен, се покрене судска постапка поради сомнеж за извршување на криминално дејство или ако се издаде одредба за кривично казнена постапка, осигуреникот е должен веднаш да го извести осигурувачот иако веќе го пријавил осигурениот случај како што е определено во став 1 на овој член.
4) Осигуреникот е должен да се однесува согласно со упатствата и советите на осигурувачот и да се потруди, во границите на своите можности да ја избегне, намали или разјасни штетата. Тој мора да го поддржува осигурувачот како при одбивање на штетата така и при одредување на висината и решавање на штетата. Тој е должен да дава детални и вистинити известувања во врска со штетата, да ги назначи сите околности поврзани со осигурениот случај и да му ги достави на осигурувачот сите запишани податоци кои можат да бидат значајни за проценката на осигурениот случај.
5) Осигуреникот треба да му го препушти водењето на судската постапка на осигурувачот и да издаде овластување за застапување на овластеното лице од страна на осигурувачот.
6) Осигурувачот може да одбие да го води спорот и да го препушти водењето на спорот на осигуреникот, ако процени дека нема место за давање правна заштита.
7) Во случај од став 6 на овој член, осигуреникот во согласност и со упатство од осигурувачот, е должен да се придржува на упатствата и налозите на осигурувачот во поглед на водење постапка во парница.
8) Осигуреникот нема право без предходна согласност од осигурувачот, да го прифати целосно или делумно оштетното побарување, да постигне спогодба или да изврши исплата на штета.
9) Ако осигуреникот го спречи осигурувачот при решавањето на оштетните побарувања или ако тој не соработува со него при решавање на осгурениот случај односно на било кој начин ги прекршува одредбите од договорот за осигурување, тој е должен да ја надокнади штетата што ќе му настане на осигурувачот поради тоа.

Член 20 – ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРУВАЧОТ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

1) Осигурувачот е должен детално да ги испита оштетните побарувања како според основ на штета така и по висина на оштетно побарување, да

ги прифати оправданите побарувања како и да се погрижи за одбраната на осигуреникот од неоправдани или претерани оштетни побарувања.

2) До височината на сумата на осигурување осигурувачот ги покрива и судските трошоци на осигуреникот само во случај кога судската постапка од самиот почеток ја води осигурувачот или лице назначено од страна на осигурувачот.

(3) Осигурувачот е должен да го исплати надоместот на штетата во рок од 14 дена од денот кога ќе ги добие сите документи што се неопходни да се определи основот и висината на оштетното побарување.

Член 21 – НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

1)Доколку не е поинаку договорено сумата на осигурување назначена на полисата претставува горна граница на обврските на осигурувачот за поединечен штетен настан и за сите штетни настани кои се појавиле во осигурителната година (годишен агрегат), независно од бројот на оштетените лица ниту од видот и висината на штетата.

2) Осигурувачот го исплатува надоместот од осигурувањето врз основа на:

1. признанието кое што го дал или одобрил;
2. порамнувањето кое што го заклучил или одобрил;
3. судска одлука.

Член 22 – ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ ЗА РИЗИЦИТЕ ВО ДЕЛ II -ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ КОН ТРЕТИ ЛИЦА

1) Осигурувањето не ги покрива оштетните побарувања ако осигуреникот намерно ја предизвикал штетата. За намерно предизвикана штета се смета:

а. дејство, кое осигуреникот ќе го изврши и покрај тоа што неговата штетна последица била известна;

б. знаење дека производите или услугите се неисправни (се расипани или имаат недостатоци);

в. свесно кршење на правилата или упатствата што ги поставил нарачателот или владиното тело.

г. Со користење на непроверени статички, пресметковни и други методи и нетестирани конструкции и материјали

2) Осигурувањето не ги покрива оштетните побарувања од став 2 на член 16 ако не е посебно договорена и пресметана дополнителна премија за дополнителното покритие.

3) Осигурувањето според овие Услови ги исклучува оштетните побарувања:

а. поради штета од влијание на температура, гасови, пареа, влага, атмосферски падежи, чад, саѓи, прашина, тресење, мувла и слично, ако тоа влијание дејствува штетно во подолг временски период;

б. поради штета која настанала ако осигуреникот ја вршел дејноста без соодветни дозволи или ако штетата ја предизвикал работник кој извршувал работа кај осигуреникот без соодветна работноправна основа (работа на црно);

в. поради телесна повреда на лица како последица од извршување на медицински, фармацевтски или надрилекарски и алтернативно медицински услуги врз нив;

г. поради оштетување на предмети кои осигуреникот ги зел под наем или на лизинг;

д. што произлегуваат од договорна оштетна обврска која со својот обем ја надминува законската оштетна одговорност или поради прекршување на договорните обврски (казни, пенали);

ѓ. на осигуреникот, членовите на неговото семејно домаќинство и роднините на осигуреникот;

е. на партнерите на осигуреникот и партнерите на компаниите, во кои осигуреникот има удел на сопственост како партнер и тоа до висина на уделот што го имаат партнерите кај осигуреникот односно уделот на осигуреникот во компаниите. Истото важи и за случаите кога компанијата има удел кај осигуреникот како правно лице;

ж. поради штета која настанала како последица на нуклеарна енергија, биолошка и хемиска контаминација;

з. поради штета што настанала при употреба или поседување на авиони или пловни објекти од било кој тип, како и на копнени моторни возила, приколки и други видови моторни возила (самоодни работни машини, моторни кранови, трактори, мотокултиватори и др.);

ѕ. поради штети што би настанале ако осигуреникот не ги отстранил посебно опасните околности што ги побарал осигурувачот. Во случај на сомнение, како посебно опасна околност се смета околноста поради која веќе се случил штетен настан;

и. поради штета која е во директна или индиректна врска со салмонела, МРСА или инфекција од легионела;

ј. поради штета која директно или индиректно произлегува од користење на азбест односно е резултат или последица на тоа користење, независно од количината или формата на азбестот;

к. поради смрт или болест на лица како резултат на директно конзумирање на тутун или тутунски производи;

л. поради штета која е вистинска или можна последица на TCE или слични болести како што се БСЕ (говедска сунѓереста енцефалофагија) или нови форми на Цреутзфиелдт-Јакобс болест;

љ. поради штети кои се директна или индиректна последица од изложување на магнетни и електро магнетни полиња или на било какви зрачења независно од нивниот извор;

м. поради штети кои се директен или индиректен резултат односно последица на генетски променети компоненти од генетско модифицираните организми (ГМО) или производи кои содржат такви компоненти или белковини;

н. поради повреда на лица кои во компанијата на осигуреникот, не зависно од мотивот (работен или истражувачки), го прифаќаат ризикот од високо енергетско јонизациско зрачење;

њ. поради штета што е директно поврзана со ласерски, ултравиолетови или рентгенски зраци;

о. поради штета, загуба, издаток или трошок од секаков вид што е директна или индиректна последица од или е во врска со дејство преземено за контрола, превенција, угушување или на било кој начин се поврзани со:

- војна, инвазија, дејство на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е војната е објавена или не), граѓанска војна , побуна, револуција, востание, граѓански немири;
- некое дејство на тероризам

Дејство на тероризам се дефинира како дејство, кое вклучува употреба на сила, насилство и закана од било кои лица или групи на лица, без разлика дали дејствуваат сами или во име на било која организација или влада, посветени за политички, религиозни, идеолошки или слични цели со намера да се влијае на било која влада или да се заплаши јавноста или дел од јавноста.

п. поради чиста финансиска загуба - штета што не е ниту повреда на лица ниту оштетување на предмети, ниту пак нивна последица.

р. за ошетни побарувања поради штета како последица од ненадеен и непредвиден настан од неисправни производи што осигуреникот ги пласирал на пазарот (на пример дефект во материјалот од кој е направен производот, дефекти во конструкција или непотполно упатство за точна употреба на производот.

КЛАУЗУЛА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ПОКРИТИЕ
(важи само ако посебно се договори и ако се назначи на полисата)
КЛАУЗУЛА-1: ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТОДАВЕЦОТ

(1) Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања поради телесни повреди, болест или смрт на вработените и поради оштетување или уништување на имотот на вработените. Како вработени се сметаат лица кои се во работен однос со осигуреникот врз основа на договор или вработување, едукативен договор или студентска препорака (сопствени вработени, стажанти/чираци, практиканти) како и други лица кои работат за осигуреникот на препорака од нивниот работодавец (позајмена работна сила);

(2) Осигурувањето не ги покрива оштетните побарувања:

1) за повреда на лица кои работат кај осигуреникот без соодветна работна дозвола (работа на црно);

2) за повреда на лица кои не употребуваат задолжителни безбедносни средства и опрема, доколку се установи дека поради нивната употреба штетата не би настанала;
3) за професионална болест на вработените;
4) за штета што ќе настане ако вработениот по налог на осигуреникот извршува работа која е во спротивност со одредбите на внатрешните акти или важечките работни постапки.

III. ДЕЛ - ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕКИН ВО РАБОТАТА

Член 23 – ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

1) Осигурувањето покрива изгубен приход од продажба и предавање на електрична енергија во електричната мрежа, кое што е последица од оштетување на сончевата електрана поради пожарни или ризици од кршење на машини, кои што се осигурени и определени во полисата (до продолжение: прекин во работата).
2) Ако во договорот не е договорено поинаку, покрива осигурување на штети поради прекин во работата најмногу до 6 месеци (период на гаранција).
3) Ако настане прекин во работата повеќе пати во осигурителната година, осигурувањето покрива штета поради прекин во работата најмногу до договорениот период на гаранција.
4) Осигурувањето престанува доколку осигуреникот ги искористи правата од договорениот период на покритие поради еден или повеќе прекини на работата во осигурителната година.
5) Осигурувањето не ја покрива штетата поради прекин на работа кој:
- е последица на вонредни настани кои се случуваат при прекин на работата, како што се штети поради неосигурани опасности, макроекономски промени итн.;
- е последица на ограничувањето на надлежните органи при обновување на оштетените предмети или работењето;
- е последица на недостаток на финансиски средства за навремена изградба, поправка или набавка на оштетени или уништени предмети;
- е последица на подобрувања и промени кај обновувањето на оштетените погони;
- е последица на причините предизвикани од други субјекти, со кои осигуреникот има деловни односи или договори за соработка;
- влијаел на работењето во погонот кој не е осигуран кај истиот осигурувач;
- настанал поради исчезнување или уништување на пари, хартии од вредност, деловни книги, планови, цртежи, магнетна лента, досиеја и други слични документи;
- настанал поради губење на работа поради прекин, истекување или откажување на закуп, лиценца или налог и слично, до кој доаѓа откако загубените, уништените или оштетените предмети се повторно во работна состојба, а работењето би продолжило доколку немало прекин, истекување или откажување на закуп, лиценца или налог.
- поради загуба на постоечки пазар (загуба на купувачи, клиенти, итн.)

Член 24 –СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

1) Сумата на осигурување претставува горна граница на обврските на осигурувачот за сите осигурени случаи во осигурителната година, ако со полисата за осигурување не е определено поинаку.

Член 25 – ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

1) Се смета дека настанал осигурен случај во моментот кога поради една од осигурените пожарни опасности или опасности од кршење на машини настанал прекин во работата.

Член 26 – НАДОМЕСТ ОД ШТЕТА

(1) Ако не е поинаку договорено, осигурувачот при тотална штета исплатува паушален дневен надоместок, кој што е определен како производ на цената за обезбеден откуп на електрична енергија за 1 kWh и просечното дневно производство на електраната.
При прием во осигурување осигуреникот е должен да достави податок за начинот на формирање на цената и цената на ел.енергија (определена во договорот на осигуреникот за купопродажба на електрична енергија склучен со организаторот на пазарот на електрична енергија или некој друг договор).
За сончевите електрани, при прием во осигурување осигуреникот доставува податок од проектната документација за просечното дневно производство на ел.енергија од осигурената електрана (kWh) по месеци.
(2) Осигурувањето не покрива штета поради прекин во работата, ако прекинот во работата трае 5 дена или помалку. Ако периодот на прекин трае повеќе од 5 дена, штетата се пресметува за целото време на прекинот, така што осигуреникот во секој осигурен случај учествува со 10% во секој штетен настан,ако не е договорено поинаку.
(3) При делумна штета осигурувачот исплатува дел од паушалниот надомест, определен во точка (1) од овој член, пропорционално со нефункционалниот дел од осигурената сончева електрана.
(4) Доколку при настанување на настан на штета се утврди дека паушалниот надомест е поголем од фактичката загуба поради прекинот во работењето, се исплатува вредноста на фактичката загуба.
(5) Период на прекин во работата е период кој што започнува со уништување, оштетување или исчезнување на сончевата електрана и трае додека материјалната штета не се отстрани, но најмногу до крајот на договорениот период на гаранција.
(6) Неопходните трошоци за спречување или намалување на штетата, коишто по настанувањето на осигурениот случај се направени по налог на осигурувачот, осигурувачот мора да ги надомести во целост, без оглед на осигурената сума.

Член 27 – ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

(1) При настанување на осигуран случај, осигуреникот е должен веднаш без одложување да го извести осигурувачот, но најдоцна во рок од 3 (три) дена од неговото настанување, односно дознавање за настанувањетоосигурувачот
(2) Осигуреникот е должен да стори сè за да ја намали настанатата штета, односно да спречи нејзино понатамошно настанување.
(3) Осигуреникот има обврска да му овозможи на осигурувачот, односно експертите кој тој ги овластил, да ја прегледаат и утврдат причината и висината на штетата, односно надоместот од осигурувањето. На барање на осигурувачот, осигуреникот има обврска да ја достави целокупната документација и писмени известувања, како и деловни книги, биланси (завршни сметки), пописи, сметки и сите податоци за работењето во тековната година на осигурување, како и за најмалку три претходни години, односно за толку години колку што работи, ако работи помалку од три години.
(4) Доколку осигуреникот ги прекрши одредбите од претходните ставови на овој член, може во целост или делумно да го изгуби правото за надомест на штетата, во зависност од тоа колку кршењето на тие одредби влијаело на обемот и висината на штетата
(5) Ако осигуреникот не ги исполни своите обврски од овој член во договорениот рок, осигурувачот може да одбие да го плати осигурувањето, ако заради неисполнувањето не може да го утврди настанувањето на осигурениот случај или обемот на оштетување на осигурената сончева електрана и обемот на прекинот во работата.

IV. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 28 – ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

(1) Ако во текот на ист период на осигурувањето настанат повеќе осигурени случаи еден по друг, надоместот од осигурувањето за секој од нив се определува и се исплатува во целост, со оглед на целата сума на

осигурување, без нејзино намалување за износот на порано исплатените надомести во тој период.
(2) Во случај на уништување на предмети (тотална штета или кога предметите по договор за осигурување се сметаат за уништени), осигурувањето престанува за уништените предмети.
(3) Тотална штета е штетата кога трошоците за поправка на оштетениот предмет се еднакви или поголеми од вистинската вредност за секој поединечен предмет (основно средство), на денот на настанување на осигурениот случај.

Член 29 – ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИ ЗНАЧАЈНИ
ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ

(1) При склучување на договор за осигурување осигуреникот мора во осигурувачот да ги пријави сите околности, кои што се важни за процена на опасностите и за кои што знаел односно требало да знае. За околности, кои што се важни за процена на опасноста, се сметаат особено околности, кои што му се познати на осигуреникот и врз основа на кои што е определена и пресметана премијата, како и оние, кои што се наведени во договорот за осигурување. Тие околности осигуреникот и осигурувачот може да ги определат заедно.
(2) Осигуреникот мора да му овозможи на осигурувачот преглед и снимање на ризикот, како и определување на најголемата веројатна штета.
(3) Осигуреникот мора веднаш да го извести осигурувачот за промената на опасните околности, кои што би можеле да бидат важни за процена на опасноста. Осигуреникот требаведнаш да го извести осигурувачот за поголема опасност, ако опасноста се зголемила со некое негово однесување, кое што би ја зголемило опасноста за настапување на осигурен случај и додека трае осигурителното покритие, во спротивно осигурувачот има право да го одбие барањето (на пр.: адаптации, доградби, реконструкции, промена на деловната дејност и сл.).
(4) Составен дел од договорот за осигурување е и пополнет прашалник, потпишан од страна на осигуреникот. Во случај ако при штета се утврди дека фактичката состојба отстапува од наведеното во прашалникот и дека тоа би можело да влијае на прифаќањето во осигурување, процената на ризикот или на висината на премијата, осигурувачот не е должен да ја надомести настанатата штета или ја надоместува во соодносот меѓу пресметаната премија и премијата, којашто би била пресметана во случај на познавање на сите околности на опасност.

Член 30 – ПОВЕЌЕКРАТНО И ДВОЈНО ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Ако некој предмет е осигурен кај двајца или повеќе осигурувачи од ист ризик, за ист интерес и за исто време, така што збирот на сумите на осигурување да не ја преминува вредноста на тој предмет (повеќекратно осигурување), секој осигурувач одговара за извршување во целост на обврските произлезени од договорот што го склучил тој.
(2) Ако, пак збирот на сумите на осигурување ја преминува вредноста на осигурениот предмет (двојно осигурување), а при тоа договорувачот на осигурувањето не постапил несовесно, сите тие осигурувања се полноважни и секој осигурувач има право на договорената премија за периодот на осигурувањето во тек, а осигуреникот има право да бара од секој одделен осигурувач надомест според договорот склучен со него, но вкупно не повеќе од износот на штетата.
(3) Кога ќе настане осигурен случај, договорувачот на осигурувањето е должен да го извести за тоа секој осигурувач на истиот ризик и да му ги соопшти имињата и адресата на другите осигурувачи, како и сумите на осигурувањето на одделните договори склучени со нив.
(4) При исплатата на надоместот на осигуреникот, секој осигурувач поднесува дел од надоместот во сразмер во кој стои сумата на осигурувањето на која тој се обврзал, спрема вкупниот збир на сумите на осигурувањето, па осигурувачот кој платил повеќе има право да бара од другите осигурувачи надомест на повеќе платеното.
(5) Ако некој договор е склучен без назначување на сумата на осигурувањето или со неограничено покритие, ќе се смета како договор склучен со највисока сума на осигурување.
(6) За делот на осигурувачот кој не може да плати, одговараат другите осигурувачи сразмерно со своите делови.
(7) Ако договорувачот на осигурувањето склучил договор за осигурување со кој настанало двојно осигурување не знаејќи за порано склученото осигурување, тој може, без оглед на тоа дали поранешното осигурување го склучил тој или некој друг, во рок од еден месец откако дознал за тоа осигурување, да бара соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премиите на подоцнежното осигурување, но осигурувачот ги задржува примените премии и има право на премија за тековниот период.
(8) Ако до двојното осигурување дошло поради намалување вредноста на осигурениот предмет за време на траењето на осигурувањето, договорувачот на осигурувањето има право на соодветни намалувања на сумите на осигурувањето и на премиите, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување му го соопштил на осигурувачот.
(9) Ако при настанувањето на двојно осигурување договорувачот на осигурувањето постапил несовесно, секој осигурувач може да бара поништување на договорот, да ги задржи примените премии и да бара ненамалена премија за тековниот период.

Член 31 – ПОДОСИГУРУВАЊЕ

(1) Кога ќе се утврди дека во почетокот на односниот период на осигурувањето вредноста на осигурениот предмет била поголема од сумата на осигурувањето, износот на надоместот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно, освен ако поинаку не е договорено.
(2) Осигурувачот е должен да даде целосен надомест сé до износот на сумата на осигурувањето, ако е договорено дека односот меѓу вредноста на предметите и сумата на осигурувањето нема значење за определување на износот на надоместот.

Член 32 – СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Договор за осигурување на имотот може да склучи лице кое има интерес да не настане осигурен случај, затоа што би претрпел некоја материјална загуба.
(2) Во случај на класична продажба на полиси, договорот за осигурување е склучен кога договорувачите ќе ја потпишат полисата за осигурување или листот на покритие.
(3) Усната понуда направена до осигурувачот за склучување на договор за осигурување не ги обврзува ниту понудувачот, ниту осигурувачот.
(4) Писмената понуда направена на осигурувачот за склучување на договор за осигурување го обврзува понудувачот, ако тој не одредил пократок рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала кај осигурувачот.
(5) Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата која не отстапува од условите под кои тој го врши предложеното осигурување, ќе се смета дека тој ја прифатил понудата и дека договорот е склучен. Во тој случај договорот се смета склучен кога понудата пристигнала кај осигурувачот.
(6) Ако осигурувачот по однос на примената понуда побара било каква дополна или измена, како ден на приемот на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.
(7) Одредбите од ставот 2 на овој член се применуваат и кога се врши измена на постојниот договор за осигурување.

Член 33 – ПОЧЕТОК НА ДЕЈСТВО НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Ако поинаку не е договорено, договорот за осигурување произведува свое дејство почнувајќи од дваесет и четвртиот час на денот што е означен во полисата, како ден на почетокот на траењето на

осигурувањето, па сé до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето.

(2) Ако рокот на траењето на осигурувањето не е определен со договор, секоја страна може да го раскине договорот со денот на стасаноста на премијата, известувајќи ја писмено другата страна најдоцна три месеци пред стасаноста на премијата.

Во тој случај договорот за осигурување престанува со истекот на дваесет и четвртиот час на последниот ден од тековната година на осигурувањето.

(3) Ако осигурувањето е склучено на рок подолг од пет години, секоја страна може по истекот на овој рок при отказен рок од шест месеци, писмено да и изјави на другата страна дека го раскинува договорот.

(4) Со договорот не може да се исклучи правото на секоја страна да го раскине договорот како е напред изложено.

(5) Ако договорувачот на осигурувањето го раскине договорот склучен на рок подолг од 5 години, должен е да ја плати разликата на премијата со одобрен попуст за времетраењето на осигурувањето

Член 34 – ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

Должност за плаќање и примање на премијата

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата на осигурувањето, но осигурувачот е должен да ја прими уплатата на премијата од секое лице кое има правен интерес таа да биде платена.

(2) Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати одеднаш, се плаќа при склучување на договорот.

(3) На износот на премијата што се плаќа во договорени рокови може да се пресмета и наплати договорена камата.

(4) Ако договорувачот на осигурувањето не ја плати премијата во договорениот рок, осигурувачот може, покрај главницата, да му пресмета и затезна камата.

(5) Место на плаќање на премијата е местото во кое договорувачот на осигурувањето има свое седиште односно живеалиште, ако со договорот не е определено некое друго место.

(6) Ако премијата се плаќа преку пошта, се смета дека договорувачот на осигурувањето со уплата на должниот износ преку пошта ја измирил својата обврска спрема осигурувачот откако во банката на осигурувачот ќе пристигне паричната дознака.

(7) Ако премијата се плаќа со чековна уплатница на одредена сметка на осигурувачот, ќе се смета дека договорувачот на осигурувањето го извршил плаќањето на премијата тогаш кога ќе го уплати должниот износ на чековната уплатница во корист на означената сметка на осигурувачот под услов паричните средства пристигнат на сметката на осигурувачот во банката депонент.

Член 35 - ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

Последици од неисплата на премија за осигурување

(1) Обврската на осигурувачот од осигурувањето почнува по истек на дваесет и четвртиот час од денот кој во полисата е назначен како почеток осигурувањето - ако до тој ден е платена премијата, а инаку по истек на дваесет и четвртиот час од денот на уплатата на премијата.

(2) Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот од осигурувањето почнува од денот определен во договорот како ден на почеток на осигурувањето.

(3) Може да се договори обврската на осигурувачот да почнува од моментот на склучување на договорот за осигурување.

(4) Ако договорувачот на осигурувањето, премијата што стасала по склучувањето на договорот не ја плати до стасаноста, ниту тоа го стори некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува според самиот закон - по истекот на рокот од 30 дена од кога на договорувачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, но со тоа што тој рок да не може да истече пред да поминат 30 дена од стасаноста на премијата.

(5) Во секој случај, договорот за осигурување престанува според самиот закон, ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.

(6) Обврската на осигурувачот престанува:

1) кај договор за осигурување со одреден рок на траење со истек на дваесет и четвртиот час од денот кој во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето.

2) кај договор за осигурување со неодреден рок на траење, ако во полисата е означен само почетокот на осигурувањето - осигурувањето со примена на став 4 и 5 од овој член, се продолжува од година во година, освен ако некоја од договорените страни, најкасно три месеци пред истекот на тековната година од осигурувањето, писмено ја извести другата страна дека не сака да го продолжи договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истекот на дваесет и четвртиот час на последниот ден од тековната година на осигурувањето

Член 36 – ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

(1) Ако осигурениот предмет биде уништен пред почетокот на обврската на осигурувачот, на договорувачот на осигурувањето му се враќа износот на платената премија.

(2) Ако осигурениот предмет биде уништен по отпочнувањето на обврската на осигурувачот од ризиците што не се опфатени со осигурувањето, на договорувачот на осигурувањето му се враќа износот на премијата за неискористеното времетраење на осигурувањето.

(3) Ако осигурениот предмет биде уништен по отпочнувањето на обврската на осигурувачот од ризиците опфатени со осигурувањето, на осигурувачот му припаѓа целиот износ на премијата за тековната година на осигурувањето, односно за договореното времетраење на осигурувањето.

(4) Со престанување на договорот за осигурување во сите други случаи пред истекот на времето за кое премијата е платена, премијата му припаѓа на осигурувачот само до завршетокот на денот до кога тој бил во обврска, освен ако не е поинаку договорено.

Член 37 - ПРЕТСТАВКИ ОД ОСИГУРЕНИЦИ

(1) Осигуреникот, корисникот на осигурување или трето оштетено лице има право да поднесе претставка до Друштвото за осигурување доколку смета дека Друштвото не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување.

(2) Осигурувачот е должен да се произнесе по претставката на осигуреникот/корисникот на осигурувањето/трето оштетено лице во рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката.

(3) Доколку не е задоволен од одговорот на Друштвото за осигурување или ако Осигурувачот не одлучи и писмено не го извести во рокот од 30 дена од денот на поднесувањето на претставката, осигуреникот/корисникот на осигурување/третото оштетено лице има право да поднесе претставка/жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Член 38 - ПОСТАПКА НА ВЕШТАЧЕЊЕ

(1) Секоја од договорните страни може да бара одредени спорни факти да ги утврдат вештаци. Барањето се доставува во писмена форма до другата договорна страна. Ако другата договорна страна се сложува со тоа, се пристапува кон постапка на вештачење.

(2) Секоја договорна страна писмено именува свој вештак. Избраните вештаци пред почетокот на работата избираат трет вештак, како претседател кој не може да биде од редовите на лицата кои се во работен однос со осигурувачот и осигуреникот.

(3) Вештаците му предаваат на осигурувачот и осигуреникот по еден примерок од својот писмен наод во определен рок. Ако наодите на вештаците меѓусебно отстапуваат, осигурувачот, нивните писмени наоди веднаш ќе му ги предаде на третиот вештак, кој своето стручно мислење го дава само во границите на констатациите од двата вештаци.

(4) Констатациите на вештаците се задолжителни за двете страни.

(5) Секоја договорна страна ги сноси трошоците за вештакот што го бира и половина од трошоците за третиот вештак.

Член 39 - НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

(1) Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето - осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на седиштето на осигурувачот.

Член 40 - НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

(1) Сите известувања и пријави што договорувачот на осигурувањето е должен да ги направи во смисла на одредбите од овие и други услови на осигурување, задолжително треба писмено да се потврдат ако се направени усно, преку телефон, телеграма или на било кој друг начин.
Како ден на приемот на известувањето, односно пријавата ќе се смета денот кога е примено известувањето, односно пријавата. Ако известувањето односно пријавата се испраќа препорачано, како ден на приемот ќе се смета денот на предавањето во пошта
(2) Спогодбите што се однесуваат на содржината на договорот важат само ако писмено се склучени.

Член 41 - ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

(1) Ако осигурувачот ги измени Условите за осигурување или Тарифата на премии, должен е за тоа писмено, или на друг погоден начин, да го извести договорувачот на осигурувањето најдоцна шеесет дена пред истекот на тековната година на осигурувањето.
(2) Договорувачот на осигурувањето има право да го откаже договорот за осигурување во рок од шеесет дена од денот на приемот на известувањето. Во тој случај, договорот за осигурување престанува да важи со истекот на тековната година на осигурувањето.
(3) Ако договорувачот на осигурувањето не го откаже договорот за осигурување во рокот од став 2 од овој член, договорот за осигурување во почетокот на наредниот период на осигурувањето се менува во сообразност со извршените измени во Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

Член 42 - ПРОМЕНА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот за: промена на адресата на живеење, односно седиштето, промена на своето име или презиме, односно називот на фирмата, промена на трансакциска сметка, промена на телефонски број за контакт, во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.
(2) Доколку осигуреникот ги променил личните податоци наведени во точка 1 од оваа одредба, а за тоа не го известил осигурувачот, осигурувачот известувањето кое мора да му го соопшти на осигуреникот ќе го испрати на адресата на неговото последно живеалиште или седиште или ќе го адресира на последното познато име и презиме, односно назив на фирма.
(3) Во случај кога обидот да се достави препорачаната пратка до осигуреникот нема да биде успешен (поради преселување или одбивање да се прими), осигурувачот вратената пратка ќе ја смета како уредно доставена и ќе ја депонира во своето седиште.
Осигуреникот се согласува дека вратените недоставени пратки се сметаат за примени од денот на првиот обид за доставување и дека е запознат со содржината на пратката

Член 43 - ЦЕЛИ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Осигурувачот за целите за склучување на договор за осигурување, како и исполнување на обврските кои што произлегуваат од договорот за осигурување обработува лични податоци на договорувачот на осигурувањето односно осигуреникот. Дополнително Осигурувачот обработува и лични податоци на договорувачот на осигурувањето односно осигуреникот и за маркетинг услуги, за асистентски услуги и други помошни услуги кои се нудат на корисниците.
За целите наведени во претходниот став, се обработуваат неопходните лични податоци на договарачот на осигурување, одосигуреникот. Категориите на личните податоци кои се обработуваат зависат од класата на осигурување, но најчесто тоа се идентификациони податоци, контакт податоци, здратвствени податоци, податоци за возило, податоци за имот и слично.

Член 44 - ЗАКОНСКИ ОСНОВИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Обработката на личните податоци за склучување и извршување на договорот за осигурување е неопходен услов за склучување на договорот, а со закон е пропишана должноста на договарачот на осигурувањето да го извести Осигурувачот за сите околности што се значајни за проценка на ризик, а кои не би можело да му бидат непознати. Доколку договорувачот на осигурувањето прикрие некои од информациите кои што му се потребни на Осигурувачот за склучување или извршување на договорот за осигурување или за да ги исполни своите законски обврски, Осигурувачот нема да може да ги исполни своите договорни или законски обврски, ниту да го склучи договорот со договарачот на осигурувањето.
Осигурувачот обработува лични податоци и заради исполнување на своите законски обврски во согласност со релевантните прописи со кои се уредува работењето на Осигурувачот.
Законски основ за обработка на лични податоци претставува и легитимниот интерес на Осигурувачот, освен ако интересите или основните слободи и права на субјектот на личните податоци не преовладуваат над легитимните интереси на Осигурувачот.
Легитимните интереси врз основа на кои Осигурувачот врши обработка на лични податоци, вообичаено се од комерцијална природа, како на пример правото на постојан развој на квалитетот на услуги и подобрување на деловните процеси, одржување на безбедноста на ифнормацискиот систем, снимање на гласовни разговори, на начин што не може да наштети на интересите, слободите и правата на корисниците на услугите.
Во одредени случаи, Осигурувачот обработува лични податоци само доколку има согласност од лицето кому се однесуваат личите податоци т.н. субјект на лични податоците. Обработката на лични податоци врз основа на согласност се користи, на пример за целите на истражување на задоволството, маркетинг на производи.

Член 45 - НАЧИН НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Осигурувачот личните податоци на осигуреникот/договорувач на осигурување ги обработува и ги споделува со трети страни, како неговите акционери, членови на органите за управување и своите вработени, матичната компанија Сава Ре Dunajska Cesta 56 1000 Ljubljana, на реосигурителните компании, доктори цензори, брокери и агенти, со цел да ја исполни обврската од договорот за осигурување, како и со други органи и лица кои, согласно природата на работата вршат увид, односно обработка на личните податоци во согласност со Законот.
Со секоја од страните со кои што Осигурувачот разменува лични податоци на своите корисници се склучени соодветни договори со кои се гарантира безбедноста на личните податоци.

Личните податоци кои се обработуваат заради исполнување на договорот за осигурување или за преземање активности пред склучување на договорот на барање на субјектот на личните податоци, или за други цели врз основа на согласност, Осигурувачот може да ги чува и во електронска и во хартиена форма. Сите податоци за договарачот на осигурувањето и осигуреникот, Осигурувачот ги обработува како деловна тајна, со примена на соодветни технички и организациски мерки со цел обработката на личните податоци да биде законита.

Член 46 - РОКОВИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Осигурувачот ги чува личните податоци се до исполнување на целта за којашто се собрани и до исполнување на сите договорни права и обврски, односно до истекот на законски пропишаните рокови. Рокот во кој ќе се чуваат личните податоци зависи од законската обврска за чување на податоците, видот на склучениот договор за осигурување, времетраењето на договорот, обработка на барања за оштета, како и роковите за застареност на побарувањата.

Член 47 - ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоци вообичаено се обработуваат во Р. С. Македонија. Личните податоци ќе бидат достапни и на примателите во трети земји или меѓународни организации тогаш кога тоа е потребно за склучување и извршување на договорите за осигурување (на пр. за реосигурување, при барања за штета случена во друга држава, и слично) само доколку од страна на Европската Унија или Агенцијата за заштита на личните податоци е утврдено дека во конкретната држава постои соодветно ниво на заштита на личните податоци.
Доколку во третата држава или меѓународна организација не постои соодветно ниво на заштита на лични податоци, Осигурувачот ќе може да го изврши преносот само доколку обезбеди соодветни мерки за заштита на овие податоци во согласност со законот.

Член 48 - ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Во согласност со Законот за заштитата на личните податоци, субјектот на податоците ги има следниве права:

- право на пристап до личните податоци;
- право на исправка на неточни или нецелосни лични податоци;
- право на бришење;
- право на ограничување на обработката;
- право на преносливост на податоците;
- право на приговор, опишано во овој член од овие услови
- право на повлекување на согласноста за обработка на лични податоци, кога обработката е заснована на согласност.

Овие права субјектот на личните податоци може бесплатно да ги оствари контактирајќи го Офицер за заштита на личните податоци на следниот емаил: ozlp@sava.mk, преку пошта на адресата на САВА Осигурување АД Скопје ул. Загребска бр. 28А Скопје, или лично во просториите на САВА Осигурување.
Осигурувачот го правото да бара дополнителни информации од барателот за да го потврди неговиот идентитет, со цел да ги заштити правата и приватноста на барателот.

Доколку субјектот на податоците дал согласност за обработка на податоци, тој може да ја повлече согласноста во секое време, целосно или делумно, во согласност со Законот за заштита на личните податоци, со тоа што повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката на личните податоци пред повлекување на согласноста.
Осигурувачот личните податоци кои ги обработува врз основа на согласност, ќе престане да ги обработува во најбрз можен рок по добивањето на известувањето за повлекување на согласноста.

Корисникот на услугата за осигурување има право да поднесе приговор на обработката која што се заснова на легитимен интерес на Осигурувачот, вклучувајќи и профилирање. Доколку корисникот на услугата се уште смета дека личните податоци не се обработуваат согласно законот, може да се поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци.

Со потпишување на полисата за осигурување  договорувачот на осигурување потврдува дека пред собирањето на личните податоци од страна на овластеното лице на Осигурувачот, е запознаен со целите и законските основи на обработка на личните податоци, начинот на обработка на личните податоци, како и обврската Осигурувачот да ги обработува личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 49 - НАДЛЕЖЕН ОРГАН

Надлежен орган за супервизија врз работењето на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување, до која Осигуреникот/корисникот на осигурувањето/третото оштетено лице може да достави претставка/жалба во однос на друштвото за осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување.

Член 50 - ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето а ќе се применуваат од 15.04.2023 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***